РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
19-404/10
14.03 2019 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Друштво за проектирање,инженеринг,услуги,
и трговија ИНТ ГЛОБАЛ ИНЖЕНЕРИНГ АВ
увоз-извоз ДООЕЛ
БР 72/2019
25.03 2019 ГОД
Битола

# Д О Г О В О Р ЗА ЈАВНА НАБАВКА

## ПРОЕКТИРАЊЕ -ИЗРАБОТКА НА ИНФРАСТРУКТУРЕН И ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА И ПРИСТАПЕН ПАТ ЛОКАЛИТЕТ ВИСОКА ЗОНА ЛЕВ БРЕГ ВО КРИВА ПАЛАНКА

**БПП-О . Бр.19-404/2019**

**I . ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**А. Општина Крива Паланка ул. Св.Јоаким Осоговски “ бр.175 1330 Крива Паланка Република Македонија**, застапувана од **Градоначалникот Борјанчо Мицевски** (во понатамошниот текст договорен орган , односно **Нарачател**) од една страна,

и **Б. Инт Глобал Инжинеринг Ав ДООЕЛ Битола ул. Кристин Чулаковски бр.49 Битола** застапуван од **Ружа Гроздановска** (во понатамошниот текст економскиот оператор, односно **Проектант** ) од друга страна

**II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Со овој договор економскиот оператор –проектантот се обврзува да изработи: Проектирање –изработка на инфраструктурен и основен проект за изградба на пристапен пат и пешачка патека -локалитет Висока зона Лев брег –Крива Паланка , по нарачка на Општина Крива Паланка .

**Член 2**

Услугите од член 1 на овој договор треба да се изведат во целост според потребите на Нарачателот , за што двете страни ќе преземат соодветни активности за целосно исполнување на предметот на договорот согласно проектната задача и проектната програма дадена со тендерската документација .

**Член 3**

Со овој договор Нарачателот и Изработувачот на проектите ги регулираат своите права и обврски.

**III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Цена**

**Член 4**

Проектантот наведен во член 1 од овој договор, ќе го изработи проектот за цена од :

| Р.б. | Позиции | Единечна мера | Количина | Единечна цена за 1м’ и 1м$^2$ (без ДДВ) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Изработка на инфраструктурен и основен проект за Изградба на пристапен пат** (инфраструктурниот проект да содржи ажурирана геодетска подлога, елаборат за заштита на животната средина, како и други пропишани содржини за водење на постапката и одобрување на проектот во системот на е-урбанизам) | 1 м | Пристапен пат околу 300 м (точната должина ќе се утврди со геодетското мерење) | 80 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Изработка на инфраструктурен и основен проект за Изградба на пешачка патека** (инфраструктурниот проект да содржи ажурирана геодетска подлога, елаборат за заштита на животната средина, како и други пропишани содржини за водење на постапката и одобрување на проектот во системот на е-урбанизам) | 1 м | Пешачка патека околу 1000 м<br><br>(точната должина ќе се утврди со геодетското мерење) | 80 |
| 2. | Изработка на проект за потпорен зид на делови од трасата на пристапниот пат и пешачката патека (со геомеханика, статичка пресметка и одобрение од ИЗИС) | 1м$^2$ | по потреба | 80 |

**Вкупната цена на јавната набавка без засметан Данокот на додадена вредност не смее да изнесува повеќе од 300.000,00 денари ( триста илјади денари) односно 354,000,00 денари( триста пеесет и четири илјади денари) со ДДВ.**

## IV. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ
**Член 5**

Овој договор е склучен со времетраење од 6 месеци сметајќи од денот на склучувањето на договорот .

## V. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ
**Член 6**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рок од 90 дена по потпишување на договорот од договорниот орган и економскиот оператор .

Во цената да биде вклучена и конечна позитивна ревизија од овластена фирма согласно со законските прописи.

Пристапниот пат и пешачката патека која е во продолжение на патот може да бидат опфатени во ист инфраструктурен и основен проект. Со проектирањето да се издвојат како посебни фази пристапниот пат и пешачката патека и да се направат посебни предмер-пресметки.

Во зависност од геодетското снимање и условите на терен доколку при проектирањето се појави потреба од потпорни зидови, цевасти пропусти или други објекти на трасата истите да бидат соодветно третирани и димензионирани. Постоечката стара вада по должина на трасата на пристапниот пат и пешачката патека да биде предвидена и опфатена со техничкото решение.

## VI. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ
**Член 7**

Плаќањето на работите кои се предмет на овој Договор, ќе се врши во рок од 60 дена по доставување на фактура по испорачување на услугата .

## VII. ОБВРСКИ НА ИЗВЕДУВАЧОТ

**Член 8**

Проектантот е обврзан работите кои се предмет на овој договор да ги изработи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (СВ на РМ бр.24/2008) и во предвидениот рок од член 6 од овој договор.

Доколку Проектантот не ја исполни оваа обврска квалитетно и на време , ќе треба на Нарачателот да му плати договорна казна во висина од 10 % од вредноста за изработка на проектот .

## VIII. ОБВРСКИ НА НАРАЧУВАЧОТ

**Член 9**

Нарачателот е должен да му ги обезбеди и достави на проектантот потребните информации за изработка на проектот кој е предмет на овој договор.

**Член 10**

Нарачателот е должен на изработувачот на проектот да му ја плати цената од член 4 на овој договор , а на начин наведен во член 7 од овој договор.

## IX. НАЧИН НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ИЗВЕДЕНИТЕ РАБОТИ

**Член 11**

Веднаш по завршување на работите Проектантот го известува Нарачателот дека услугите што се предмет на договорот се извршени и ќе му го испорача Проектантот на Нарачателот согласно член 6 од овој договор.

## X. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 12**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

**Член 13**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат, за сите евентуални спорови ќе решава надлежниот суд.

## XI. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 14**

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 15**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 16**

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои 4(четири)примероци за Нарачувачот и 2 (два) примерока за Проектантот ,а стапува во сила со денот на неговото склучување.

**Нарачател**
**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**

**Вршител на услуги**
**Инт Глобал Инжинеринг Ав ДООЕЛ**
**Управител**
**Ружа Грозданoвска**

ОСВЕТЛУВАЊЕ ЕНЕРГЕТИКА АВТОМАТИКА
Друштво за проектирање инженеринг, трговија и услуги
ИНТ ГЛОБАЛ ИНЖЕНЕРИНГ АВ
увоз-извоз ДООЕЛ Битола